СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четвртото продолжение на Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 август 1993 година

Скопје, август 1993 година

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Четвртото продолжение на Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија,одржана на 5 август 19 93 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1), со почеток во 12,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Пратениците Ристо Стаменов, Ферид Садику, Тиме Андонов, Иван Иванов, Душко Горѓески и Јордан Зафировски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по амандманот на член 9 став 1 за бришење на точка 4 став 2 за додавање нова точка 5, поднесен од пратениците Александар Флоровски, Ацо Спировски, Горѓи Котевски, Томислав Стефковски и Петар Темелковски.

Ве молам, имам овде тројца пријавени.  Дали вие деловнички сакате да покренете некое прашање?

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, очигледно дека во овој македонски Парламент се повеќе н повеќе коалиционинери не се во состојба да обезбедат квалитетно мнозинство за расправа и донесување

на фундаментални закони и помошта ја бараат од опозицијата, пред се од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Во тој контекст не зачуди вчерашната изјава на еден од коордннаторските на пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, пратеникот Алил Џафероски кој се закани на опозицијата дека немајки 61 глас, пратеник во овој Парламент нема што да бара во него. Ние сакаме конструктивно да учествуваме во работата на овој македонски Парламент со поднесените бројни амандмани што се во интерес и заштита на македонскиот народ и македонската држава, дури и со ваков изборен закон. Затоа бараме господинот Џафероски да се извини на опозицијата, во конкретниот случај на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Во спротивно ќе се чувствуваме дека Социјалдемократскиот сојуз на Македонија не можејќи конструктивно да се носи во расправата сака да ја предизвика опозицијата да ја напушти расправата по овие битни закони и своите амандмани. Пратеничката група на ВРМО-ДПМНЕ на која пред се и секогаш основа и се интересот за зачувување на македонската држава и економскиот просперитет на македонскиот народ и сите граѓани кои живеат во Република Македонија одлучи да учествува во расправата затоа што тоа е наша обврска и мандат од нашите гласачи македонскиот народ. Со оглед дека во салата нема 61 пратеник од коалицијата, сметаме на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, на ПДП-НДП и Либералната партија,пратеничката група «а НМРО Демократската партија за македонско национално единство ќе биде во соседната просторија додека не се соберат 61 пратеник за да можеме квалитетно да расправаме и извинувањето од господинот Алил Џафероски да биде дадено по обезбедувањето на потребниот број пратеници 61 од коалицијата. Тоа е ваша обврска, вие владеете со оваа македонска држава. Ние не сакаме расправата да заврши како со расправата по 65-та седница што очигледно е цел на коалицијата. Молам, претседателот да го уважи изнесеното.

(Пратениците на ВМРО-ДПМНЕ ја напуштија седницата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас без оглед на причините во кои не навлегувам, се разбира жалам заради овој потег на опозицијата, мислам дека не може да се нарече конструктивен. Обврска е на сите пратенички групи кога имаме вака важни подеднакво, кога имаме вака важни акти на претрес, сепак да учествуваат во работата, дури да си ги искажат своите политички погледи.

Ве молам, да го утврдиме вкупниот број на присутните пратеници. 51 пратеник вкупно се присутни. Очигледно ние во овој момент не можеме да продолжиме. Координаторите на пратеничките групи нека се договорат што може да се преземе, во кој рок и да се процени кога може да се продолжи со работа. Молам да се состанеме подоцна откога ќе бидам информиран од пратеничките групи.

Ја прекинувам седницата.

(Седницата прекина во 12,20 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,40 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам сите пратеници да влезат во салата.

Очигледно дека ние немаме доволен број на пратеници и не можеме да продолжиме со работа денес.

Дополнително ќе го закажеме продолжението на 66-та седница и за тоа ќе бидете известени.